# Култура на натовски начин

Златко ТЕОДОСИЕВСКИ

***Интеграцијата, ако е воена - тогаш е целосна, и тоа безусловно ја подразбира и културата. Се разбира, тоа не е така! Нова Европа, па и НАТО, може под поимот „интеграција“ да подразбираат што сакаат, но тоа никако не (или - само делумно, во сосема други сегменти) се однесува на - културата! Колку, како и на кој начин Македонија (политички, воено, економски...) ќе биде интегрирана во Европа, во НАТО, е - една приказна. Како, колку, до каде... ќе биде „интегрирана“ и нејзината култура, е - наша приказна!***

Во целава оваа мешаница во врска со спротивставените чувства за НАТО и неговата популарност (или, според некои, - „популарност“!) кај нас и во светот, можеби за читателите ќе биде интересно да се прикаже и една друга страна на оваа, во основа, воена организација. Низ нашите медиуми можеше неколку пати да се чуе-прочита дека оваа организација не е исклучиво воена и дека знае-умее да се занимава и со други нешта освен - војната. Многумина тоа (не) го прифаќаа, се разбира ценејќи го искажаното-прочитаното низ призмата на денешните случувања и улогата на НАТО во нив.

Сепак, вистина е дека НАТО се занимава и со други проблеми, на пример - со културата! Знам дека звучи неверојатно: „апачи“, „томахавк“, „Ф-117“... и култура! Но, авторот на овие редови имаше ретка можност да присуствува на еден таков собир на НАТО во Атина (1996.), насловен „Балканот и Медитеранот, партнери во стабилноста и соработката“, со поттема „Културни врски, кон поблиско разбирање“(од Македонија на собирот требаше да учествува и проф. Нано Ружин во својство на претседател на Комитетот на НАТО во РМ, но не успеа да допатува). И, кога ќе се најдете во друштво на експерти на НАТО (претседатели или заменик-претседатели на Алијансата во Белгија, Бугарија, Данска, Франција, Унгарија, Италија, Полска...), амбасадори (Томас Најлс - САД, Игор Морозов - Руска Федерација, Ран Куриел - Израел, Бранимир Петров - Бугарија, Дерек Фрејзер - Канада... Љупчо Арсовски - Македонија...), министри или заменик-министри за надворешни работи (Албанија, Египет, Израел, Турција, Словачка...), културата е нешто што најмалку ви паѓа на ум! Слушате и дури почнувате да „размислувате“ (иако тоа можеби воопшто не ве интересира) за можното решавање на конфликтите меѓу Грција и Турција, Палестина и Израел, САД и Руската Федерација... зашто Балканот и Медитеранот сè се уште зона на потенцијални судири на интересите. (И, интересно, тогаш никој не го спомна Косово, или - јас сум го преспал тоа!). Сепак, нови или поинакви (миролјубиво-политички!) визии за Балканот понудија двајца говорници: Асе Агов, претседател на Комисијата за надворешни работи на бугарскиот Парламент, и Вахит Халефоглу, амбасадор и поранешен министер за надворешни работи на Турција.

Но, темата е - културата и НАТО, и во тој контекст беа пријавени, освен мојата дребност (што би рекол Платнарот), само уште 3 говорници: Дорин Матеи, историчар од Евроатлантскиот центар во Романија, Мохамед Зауи, амбасадор на Мароко во Грција, и Јоанис Лукас, предавач на Поморскиот воен колеџ во Атина (!?). И - што? Си кажавме што имавме да кажеме за културата како врска за подобро и поблиско разбирање. Нè сослушаа со „разбирливо внимание“. Претпоставувам дека сите мислевме оти кажавме многу умни работи. Но, добро, всушност и немаше опструкција на генералната теза дека културната соработка и разбирање се едни од можните стабилизирачки фактори на Балканот. Тоа, впрочем, собирот во Атина го прифати како факт. Дури, во контекстот на политичките, геостратешките, економските... константи, беа цитирани парчиња од размислувањата за културата! Сепак, имаше и типично балкански културни потпикнувања: дека БЈРМ е некаква „сива зона“ (Димитрис Апостолакис, заменик-министер за одбрана) или нечиј „back yard“ (С. Стефанопулос, Политичка пролет); дека Грција е „пример на борба за хуманизам и демократија“, дека Турција е „константна закана за Грција и регионот“ (А. Пападонгас, вицеадмирал, претставник на „Нова демократија“)... итн. Се разбира, провејуваа (се наметнаа!) и поинакви звуци: поимот култура е неспоив со поимот војна (М. Зауи); дали сме спремни да ја загубиме сопствената контрола над нештата, а да добиеме заедничка контрола (А. Агов); поимот култура значи начин да се живее заедно (З. Теодосиевски), балканските земји треба да престанат да ја допишуваат историјата на 20. век (Д. Цоволас)... Или, поконкретно, како да се наметна вистината дека ако културата ја разбираме само како минато, а не и како сегашност и, особено - иднина, тогаш сè уште ќе се вртиме во маѓепсаниот круг на култура-та!

А во контекстот на културата особено беа интересни искажувањата на стопанствениците, и тоа од - Грција! На пример, Христос Пахтас (тогашен) заменик-министер за економија, ја потенцираше потребата „со северниот сосед да се даде пример на развој на пријателска соработка“, вклучувајќи ја и културната соработка. Или Јоанис Цен, претседател на Бордот за надворешна трговија на Грција, кој извонредно луцидно ја извлече тезата дека „културата и трговијата одат заедно, што е потврдено и од Херодот, дека прво одела трговијата а веднаш по неа следувале и културните врски“! Теза за размислување!!!

Но, да се вратиме на Алијансата. НАТО, нормално, ја гледа и ја разбира културата во светлината на своите разбирања за интегративните процеси во Европа и во светот. Имено, тоа може да се чита вака: интеграцијата, ако е воена - тогаш е целосна, и тоа безусловно ја подразбира и културата. Се разбира, тоа не е така! Нова Европа, па и НАТО, може под поимот „интеграција“ да подразбираат што сакаат, но тоа никако не (или - само делумно, во сосема други сегменти) се однесува на - културата!

Што и како се добива од овие интегративни процеси за една култура каква што е македонската? Се разбира, (ќе) има барања но (ќе) има и отстапки! Колку, како и на кој начин Македонија (политички, воено, економски...) ќе биде интегрирана во Европа, во НАТО, е - една приказна. Како, колку, до каде ... ќе биде „интегрирана“ и нејзината култура, е - наша приказна! Ќе биде ли Култура, или култ-ура? Но, не треба, не смее да се заборави дека најголем дел од европската култура потекнува токму од овие, македонски простори, исто како и од просторите на Грција, Турција, Албанија, Бугарија...

Тоа го знае и Европа, старата или некоја нова, го знае и - НАТО! Ако заборавиле, можеби треба да ги потсетиме? Но, не заборавиле! Сигурно не заборавиле, зашто, всушност, вклучувањето на „културна поттема“ на еден ваков собир на Алијансата го потврдува тоа. Особено поради тоа што собирот се одржуваше во Атина, речиси во подножјето на Акропол, и што се говореше за Балканот и за Медитеранот.

**(Авторот е историчар на уметноста)**

30 април 1999